# И З В Е Ш Т А Ј

**- Од Надзорен Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје**

**за 2015 година -**

**Април 2016 година,**
**Скопје**

ГРАНИТ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-7278
12 05 2016 год
СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ**
**-Од Надзорен Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје –**

Во текот на 2015 година, Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје во континуитет ги оствари своите надлежности за вршење на надзор над управувањето и деловните активности на Друштвото, согласно член 380 и 480 од Законот за трговските друштва и член 78 од Статутот на Друштвото и во рамки на своите овластувања ги штитеше интересите на Друштовото и интересите на сите акционери.

Друшвото, во текот на 2015 година, својата деловна активност ја остваруваше во услови на закрепната домашна економија и поволен економски амбиент за работење во областа на градежништвото, што првенствено се должи на зголемените инвестициски вложувања во патната инфраструктура (изградба на автопати, регионални и магистрални и голем број на локални патишта) и изградба на објекти од високоградба.

Во тој контекст, Друштвото работеше на значајни објекти кои бараат висока стручност, поседување на соодветна и модерна градежна механизација и опрема, доволен број на обучени стручни кадри и работници за изградба на 4 (четири) автопати, од кои 2 (два) надвор од границите на Р.Македонија (две делници од Автопатот Бања Лука – Добој), како и изградба на делници од Автопат Кичево – Охрид и Автопат Св.Николе – Штип) во Р.Македонија. Дополнително, Друштвото беше ангажирано на извршување на низа други објекти, меѓу кои: „Реконструкција на делница од Автопат Смоквица – Гевгелија, како дел од Коридор 10“, „Изградба на Антенски систем за контрола и мониторинг на радио фрекфенции во Р.Македонија“, „Изградба на регионален пат Сончев Град“, „Рехабилитација на експресен пат А3 Превалец (Кочани – Делчево)“, „Рехабилитација на пат Лозово – Сарамзалино – Кадрифаково“ и низа други градежни работи од дејноста на Друшвото.

Со цел за благовремено извршување на превземените градежни работи, Друштвото, преку неговите органи на управуање и раководните лица, превзедоа низа мерки и активности за внатрешно преструктуирање, подобра организација на работниот процес и искористеност на капацитетите на Друштвото, зголемено производство, зголемено искористување на постојните човечки, технички и финансиски ресурси, со што во краток рок се постигна поголема ефективност од работењето на вработените, зголемено и ефикасно искористување на градежната механизација, транспортните средства и опремата. Подобрувањето на целокупната ефикасност во работењето на Друштвото во прв ред се должи на значајни промени во врвниот менаџерски тим на Друшвото, преку ангажирање на млади, стручни кадри целосно оспособени за водење на работењето на Друштвото, но секако и на соодветното кадровско распоредување на стручниот кадар на терен, со што се обезбеди благовремено и квалитетно завршување на превземените

градежни работи, преку користење на светски, технолошки и научни сознанија и достигнувања во областа на градежништвото.

Низата мерки и активности превземени од страна на Управниот Одбор на Друштвото, во сите сфери на неговото деловно функционирање, резултираше со успешно завршена финансиска година и тоа:

- вкупен приход во износ од 4.240.711.068,00 денари, што претставува 3.92% зголемување во однос на 2014 година;
- бруто добивка во износ од 239.887.356,00 денари, што претставува раст од 11.5% во однос на 2014 година, како и зголемен учество во вкупниот приход со 5.66%;
- нето-добивка во износ од 219.917.093,00 денари, што претставува раст од 16.88% во однос на 2014 година, како и зголемено учество во вкупниот приход од 5.19%;

Врз основа на горе-изнесените податоци, евидентно е дека вкупниот приход е зголемен речиси 4% во однос на претходната година, а нето-добивката бележи пораст од 16.88% заради активно отпочнување со работа на големите патни инфрастркутурни објекти, чии резултати од извршени работи имаат значително влијание на целокупните резултати од работењето на Друшвтото во 2015 година.

Вкупните расходи го следат порастот на вкупниот приход, меѓутоа со помал интензитет од 3.5% и изнесуваат 4.000.823.712,00 денари и како такви имаат учество од 94.34% во вкупниот приход. Овде е важно да се укаже дека Друштвото во текот на 2015 година изврши вложување на значителни средства во набавка на основни средства ( во износ од 660.678.000,00 денари), од кои над 480 милиони денари се вложени во средства за работа, односно набавка на нова градежна механизација, транспортни средства и градежна опрема.

Имајќи ги во предвид изнесените податоци за работењето на Друштвото во 2015 година, сметаме дека се постигнати задоволителни резултати. Согласно очекувањата на управниот и раководниот тим на Друштвото, цениме дека резултатите во текот на 2016 година ќе бидат значително подобрени, особено ако се има во вид работењето на големи објекти од областа на патната инфраструктура во земјата и во странство и активното користење на набавената градежна механизација, транспортни средства и опрема, а особено поради зголеменото ангажирање на раководниот и стручниот кадар на Друштвото, кој редовно се залага за насочување на стручните знаења и способности кон остварување поголем обем на работа и ефективно работење.

## 1. Надзор над управувањето и раководењето со работењето на Друштвото

Надзорниот Одбор на ГД „Гранит" АД Скопје своите надлежности ги остварува согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друшвото особено преку редовно

следење на работењето на Упрвниот Одбор во однос на управуањето со Друшвтото и директно следење на извршувњето на деловните активности во текот на целата година.

Надзорот над управувањето и раководењето со работењето на Друштвото во текот на 2015 година, Надзорниот Одбор го вршеше преку континуирано анализирање на доставените квартални извештаи за работењето на организационите и работните единици, како и анализирање на други материјали изготвени од страна на Управниот одбор и стручните служби во Друштвото во врска со остварените деловни и финансиски резулати од работењето како на Друштвото во целина, така и на пооделните организациони и работни единици.

Надзорниот Одбор имаше пристап и увид во материјалите од седниците на Управниот Одбор на Друштвото, со можност за нивно разгледување и непосреден увид во постапките и донесувањето на одлуките, при што евидентно е еднаквото учество на сите членови на Управниот Одбор, како во процесот на расправање по точките од дневниот ред на седниците, така и во процесот на работење и ефективно одлучувачање.

Врз основа на непосредно констатираните состојби во врска со управувањето на Друштвото од страна на Управниот Одбор, како и врз основа на разгледувањето на соодветните материјали за работа и донесените одлуки, Надзорниот Одбор носеше соодветни заклучоци и препораки до Управниот Одбор за подобрување и надминување на одредени состојби во работењето, а сето тоа да се обезбеди поуспешно остварување на стратешките цели на Друштовото за 2015 година.

Надзорниот Одбор при разгледување на кварталните извештаи и постигнатите резултати од работењето, како на ораганизационите и работните единици пооделно, така и на Друштвото во целина, констатира дека и покрај сите потешкотии со кои се соочуваше Друшвото, во целина, остварено е позитивно работење, што во основа најмногу се должи на зголеменото ангажирање на менаџерскиот тим како во обезбедување на поголем обем на работа, така и преку непосредно обезбедување на материјали услови за зголемена ефективност, но секако и на зголемено ангажирање на другите раководни лица и на вработените во целина, што во секој случај соодветствува со извршениот обем на работа на Друштвото и остварените финансиски резултати.

Оттука, евидентно е дека менаџментот, стручниот раководен тим и вработените на ГД „Гранит" АД Скопје успешно ги завршија поставените задачи, особено преку ангажирање на целокупните ресурси за ефикасно, економично и навремено извршување на превземените градежни работи во патната инфраструктура, и во услови на намалена изградба на објекти до високоградба.Дополнително, Надзорниот Одбор оцени дека Управниот Одбор, раководните структури и вработените покажаа особено ангажирање поради што ГД „Гранит" АД Скопје и во текот на 2015 година континуирано ја вршеше својата дејност преку превземање на мерки за заштита на животната средина, заштита на

безбедноста и здравјето на вработените, како и целосно спроведување на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008.

Заради подобрување на стручната оспособеност на инженерскиот и техничкиот кадар, во текот на 2015 година, Управниот Одбор овозможи нивно учество во повеќе стручни семинари и обуки, со цел оспособување и екипирање на млади стручни кадри целосно оспособени за извршување на најспецифични градежни работи. Нивната стручност беше успешно применета во извршување на договорените динамики на различни објекти на кои работи Друштвото, што во секој случај е одличен показател и за ангажманот на раководниот кадар, кој преку остварување на позитивен финансиски резултат, во континуитет, обезбеди ликвидност и финансиска стабилност на Друштвото за благовремено сервисирање на неговите тековни обврски.

Во смисла на горе-наведеното, Надзорниот Одбор констатира дека во 2015 година, Друштвото во основа ги исполнило своите стратешки приоритетни цели.

Надзорниот и Управниот Одбор на Друштвото како резултат на совесно и одговорно извршување на работите од надлежност на управните органи, обезбедија континуирана соработка во текот на годината и целосно меѓусебно информирање за прашања од интерес за поуспешно функционирање и работење на Друштвото, со цел да се заштита интересите на Друштвото во целина и интересите на сите акционери. Во таа смисла особено внимание во 2015 година беше посветено на успешно завршување на планираните работи, работите пренесени од претходната 2014 година, нови проекти од патната инфраструктура, високоградба, отпочнување на работа на станбени згради на сопствено градежно земјиште, како и повторно излегување на странскиот пазар, имајќи ги во вид инвестициските вложувања во Р.Македонија и можноста за ангажирање на нови проекти од областа на градежништвото.

Покрај наведените активности, Надзорниот Одбор, по своја иницијатива разгледуваше различни предлози, материјали и состојби кои имаат значително влијание врз работењето на Друштвото, особено за негово поефективно и поекономично работење. Во таа смисла, Надзорниот Одбор директно се вклучи во сите активности за спречување на појавите за неодговорно располагање, евидентирање и употреба на средства за работа, активно следење на извршувањето на работите согласно плановите на организацоните и работните единици во Друштвото, обврски пренесени за извршување во 2016 година, ново превземени работи за извршување во 2016 година и низа други активности, со што значително допринесе забелешките од ваквите активности успешно да се спроведуваат од страна на надлежите структури.

Надзорниот Одбор, односно неговите членови, во целина и поединечно, успешно функционираа и беа активно вклучени во сите сфери од работењето на Друштвото, со што се смета дека Надзорниот Одбор успешно ги изврши своите наделжности, утврдени со Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

Надзорниот Одбор констатира дека исплатата на дивиденда на акционерите за 2014 година, благовремено и во целост е извршено согласно Одлуката на Собранието на акционери и Дивидендниот календар за нејзина исплата.

Поголемиот обем на работа и ангажирањето на крупни инфраструктурни проекти резултираше со потреба од дополнителни инвестициски вложувања во нова градежна механизација, транспортни средства и опрема, па во таа смисла Надзорниот Одбор редовно ги согледуваше таквите потреби и благовремено ги даваше потребните согласности за нивна набавка, согласно надлежностите и овластувањата што произлегуваат од законските прописи и Статутот на Друштвото.

Надзорниот Одбор, следејќи го работењето на Друшвото во 2015 година, констатира дека сите укажувања, преопраки и заклучоци на Надзорниот Одбор и Службата за внатрешна ревизија се континуирано спроведувани во работењето на Друштвото од страна на Управниот Одбор и организационите и работните единици во рамки на Друштвото. Дополнително, Надзорниот Одбор смета дека во 2016 година треба да се интензивираат мерките и активностите за пошироко согледување и следење на работата на Друштвото, како и предлагање на соодветни препораки и мислења за остварување на стратешките цели на Друшвтото за 2016 година.

**2. Контрола на годишни сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2015 година**

Надзорниот Одбор согласно член 480 од Законот за трговските друштва, изврши проверка на Годишната сметка и Коносолидиранта годишна сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за 2015 година, финансиските и консолидираните финансиски извештаи за 2015 година и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2015 година, предложени од Управниот Одбор до Годишното собрание на Друштвото, при што констатира дека истите се искажани објективно, вистинито и транспарентно, согласно законските прописи и останати правни акти, стандардите од финансиската област се применети во Друштвото, согласно член 78,101 и 102 од Статутот на Друштвото.

Надзорниот Одбор констатира дека Одлукат за распределба на добивка, предложена од страна на Управниот Одбор, е изготвена согласно член 483 од Законот за трговските друштва и член 105 од Статутот на Друштвото, во се според интересите на Друшвото и акционерите, и како таква соодветствува на остварените финансиски резултати од работењето во 2015 година. Во таа смсила, Надзорниот Одбор на Друштвото му предлага на Собранието на акционери, иако вкупниот приход и добивката на Друштвото во изминатата 2015 година е зголемено, дивидендата на акционерите на Друштвото да се исплати во висина од бруто 22,22 денари по акција, тргнувајќи од стратешките цели и очекувањата дека во 2016 година ќе има интензирирање и зголемување на обемот на работа на Друштвото, особено ако се имаат во вид пренесените работи на проктите, ново превземените работи во областа на нискоградба, како и

зголемените активности во областа на високоградба (изградба на станбени згради на атрактивни локации, сопственост на Друштвото).

Оценката за предложените материјали за донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото, Надзорниот Одбор ја темели на извршената целосна проверка на истите, нивно споредување со тековната финансиска и друга доументација што согласно законските прописи и актите на Друштвото ја водат надлежните стручни служби, како и со постојано следење на тековното и периодичното работење на Друштвото преку разгледување на извештаи, информации и мислења изготвени за таа намена, тековното и периодичното евидентирање во трговсктие книги (сметководствени евиденции), па во таа смисла, овие податоци исправно и точно и целосно кореспондираат со оние податоци презентирани во Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот за работењето на Друштвото во 2015 година.

Наведените материјали, информации и извештаи се изготвени согласно член 471 и 476 од Законот за трговските друштва, односно член 101 и 102 од Статутот на Друштвото.

## 3. Ревизија на финансиските извештаи и Годишната сметка за 2015 година

Во Извештајот и мислењето на независниот ревизор „MOORE STEPEHENS" Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи, Годишната сметка и консолидираната годишна сметка на ГД „Гранит" АД Скопје за 2015 година, се констатира дека истите се презентирани објективно од сите материјали аспекти, а финансиската состојба на ГД „Гранит" АД Скопје, заклучно со 31.12.2015 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови во 2015 година, се во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Р.Македонија.

Ревизорот ја имал на увид потребната документација, што е искажана во позициите од Билансот на состојбата и прегледот на значајните сметководствени политики, а сето тоа е потврдено и констатирано во белешките на Ревизорот кон финансиските извештаи за 2015 година.

Надзорниот Одбор ги разгледа и провери извештаите на Ревизорот за работењето на Друштвото, при што оцени дека ревизијата е успешна и целосно извршена, а даденото мислење соодветствува на фактичката состојба и е во согласност со сотојбите во Друштвото, книговодствените евиденции се исправно водени и прикажани од страна на надлежните служби во Друштвото, а резултатите од работењето одговараат на изнесените состојби во финансиските и книговодствените евиденции во Друштвото и соодветствуваат со податоците презентирани во Извештајот за работењето на Друштвото во 2015 година.

Од Извештајот на Ревизорот, Надзорниот Одбор констатира дека Управниот Одбор на Друштвото и надлежните служби континуирано ги следеле можните ризици и неизвесности во работењето и успешно управувале со појавите од кредитен ризик, пазарен ризик, ликвидносен ризик, промена на цените, каматни ризици и други неизвесности и

благовремено превземале мерки и активности за нивно надминување во рамки на објективните можности и оние околности што се во рамки на неговите можности на влијание.

## 4. Следење на работата на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2015 година обезбеди независно и објективно мислење до Надзорниот Одбор за управувањето со ризиците, системот на интерни контроли и корпоративно управување, преку мерење и оценување на ефективноста на наведените контроли и системи во однос на остварувањето на целите на Друштвото.

Примарните цели на Службата за внатрешна ревизија вклучуваат ефективно и ефикасно исполнување на оперативни и финансиски ревизии, ревизии на усогласеност, последователни ревизии и специјални ревизии и спроведување на дополнителни испитувања во рамките на Годишниот план за ревизија што се исполни со воведување на системски, дисциплиниран пристап во оценувањето на управувањето со ризици, давање на препораки за превземање на конкретни корективни мерки и следење на имплеметнацијата на предложените – прифатените корективни мерки.

Извештатите од извршените ревизии се доставени до Надзорниот Одбор на Друштвото, кој по разгледување на истите донесе мислења, заклучоци, препораки и одлуки.

Врз основа на Извештаите на Службата, Надзорниот Одбор ги идентификуваше солгеданите слабости во работењето на Друштвото и предложи рокови, мерки и активности за отстранување на истите и ја лоцираше одговорноста на лицата.

Службата за внатрешна ревизија како резултат на следењето на реализацијата на дадените препораки, генерално укажува дека дадените препораки се почитуваат и спроведуваат со одредени исклучоци, со тоа што се наложува потреба сите организациони и работни единици, служби и скетор, во периодот што следи целосно да ги имплементираат прифатените препораки од страна на органите на Друштвото.

Со ваквата организациска поставеност на Службата, обемот на завршените активности и дадените пропораки, Надзорниот Одбор смета дека најголем дел од активностите на Службата кои се неопходни за да ги идентификуваат ризиците во работењето на Друштвото се воспоставени и функционираат со препорака истите да се имплементираат во работењето на Друштвото, што на долг рок би придонело за поголема ангажираност и ефикасност на менаџментот, раквододните структури и вработените во Друштвото.

Како дополнителна активност, Службата за внатрешна ревизија врши и управување со документацијта на интегрираниот систем за упраување со стандарди, со што се

воспоставува контрола на примента на воспоставените стандарди за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа.

Службата констатира дека раководството на Друштвото во најголем дел е целосно посветено, преку примена, одржување и подборување на интегираниот систем за управување на сите локации на кои работи Друштовото, да обезбеди подобрување на квалитетот на процесите, производите, услугите, животната средина, безбедноста и здравје при работа, развој и унапредување и законско извршување на својата дејнсот во согласност со законските прописи и воспоставените стандарди.

Соработакта на Службата за внатрешна ревизија со Надзорниот Одбор и со другите органи и организациони единици се одвиваше континуирано и успешно, така што Надзорниот Одбор констатира дека Службата успешно ги изврши работите од својата надлежност, предвидени со Планот за работа и потврдени со Годишниот извештај од 2015 година.

5. **Препораки на Надзорниот Одбор до Годишното собрание на Друштвото во однос на материјалите и одлуките што се предмет на проверка од страна на Надзорнот Одбор**

Тргнувајќи од оценките на Ревизорот, дадени во ревизорските извештаи, а при тоа базирајќи се на сопствените проверки на финансиските и консолидираните финансиски извештаи, од Годишната сметка и Консолидираната годишна сметка за 2015 година, заклучоците донесени во врска со резутлатите од работењето и предвидувањата на деловната политика на Друштвото за 2016 година, а имајќи ги во вид политичко-стопанските движења во опкружувњето, пазарот, стопанската активност на Друштвото во земајта и во странство, цените, условите и можностите кои влијаеле и овозможиле Друштвото на крајот на 2015 година да искаже позитивен резултат од своето работење, Надзорниот Одбор врз основа на член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, предлага Собранието на акционери да ги усвои:

1. Годишната сметка и консолидираната годишна сметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2015 година;
2. Финансиските и консолидираните финансиски извештаи за работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје во 2015 година;
3. Годишниот извештај за работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2015 година;
4. Извештајот од Ревизијата за Годишната и консолидираната годишна сметка на ГД „Гранит“ АД Скопје во 2015 година и финансиските извештаи;
5. Извештајот за работењето на Надзорниот Одбор за 2015 година и извршената проверка на Годишната и консолидираната годишна сметка на ГД „Гранит“ АД

Скопје за 2015 година, за финансиските извештаи на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2015 година и ревизроските извештаи по истите;

6. Одлуката за одбрување на работењето на членовите на Управниот Одбор на Друштовото во 2015 година и за работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друшвото во 2015 година;

7. Предлог – Одлука за распределба на добивката на ГД „Гранит“ АД Скопје, остварена по Годишна сметка за 2015 година;

8. Предлог – Одлука за исплата на дивиденда за 2015 година;

9. Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Друштовото за 2015 година;

10. Предлог – Одлука за ибор на Ревизор на годишните сметки и финансиските извештаи на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2016 година;

Надзорниот Одбор ги подржува насоките и планираните стратешки цели утврдени од страна на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје, за идниот развој на Друштвото и деловниот потфат со активност во сферата на истражувњето и развојот, како и за неговите планови и политики за успешно исполнување на работнтие ангажмани во 2016 година, предложени до Собранието на акционери за услвојување во Годишниот извештај за работењето на Друштовото и на Управниот Одбор на Друштвото.

Скопје, април 2016 година

**Надзорен Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје**

**Претседател на Надзорен Одбор**

**Г-дин Никола Кацарски**